**АФРИКАНСКА ЧУМА КАЈ СВИЊИТЕ**

# ТИ МОЖЕШ ДА СПРЕЧИШ ШИРЕЊЕ НА АЧС

**АФРИКАНСКА ЧУМА КАЈ СВИЊИТЕ (АЧС) е смртоносна болест кај домашните и дивите свињи. Не постои ефикасна вакцина ниту третман против неа. АЧС** не претставува опасност за здравјето на луѓето, но е катастрофална со економски последици врз фармите на свињи. Може да преземете акција да ги заштитите вашите свињи и свињите на вашите соседи од оваа болест.

## Како да се спречи АЧС

## Имплементирајте мерки за биосигурност:

### ✓ СЕГРЕГАЦИЈА

- Оградете ја фармата за да спречите контакт со диви свињи.
- Нововнесените свињи на фармата изолирајте ги најмалку 30 дена и внимавајте на клиничките знаци.
- Контролирајте ги движењата на персоналот и на посетителите во и надвор од фармата.
- Ограничете го пристапот на возила до фармата само на овластени возила.

### ✓ ХИГИЕНА

- Користете специјални обувки и облека на терен.
- Туширајте се или мијте ги рацете со сапун и вода пред и по посетата на одгледувалиштето за свињи.
- Поставете дезинфекциски пунктови на влезовите и излезите од свињарникот, вклучувајќи дезинфекција за нозе.
- Често чистете и дезинфицирајте ги сите материјали (возила, опрема, обувки) со одобрен производ.

### ✓ ХРАНЕЊЕ

- Ако за исхрана користите остатоци од храна, секогаш варете ги 30 минути и изладете ги пред хранење.
- Обезбедете чиста вода за своите свињи.

## КОГА ДА СЕ ПОСОМНЕВАТЕ НА АЧС

Внимавајте на клиничките знаци:

- Дијареа
- Губење на апетит и слабост
- Висока температура
- Црвенило на кожата на врвовите на ушите, муцката, опашката, екстремитетите, градите и стомакот
- Повраќање
- Силна секреција од очите и носот
- Зголемување на смртноста

## ШТО ДА НАПРАВИТЕ ВО СЛУЧАЈ НА СОМНЕЖ ВО АЧС

**Веднаш пријавете сомнителен случај кај вашиот ветеринар или локална ветеринарна служба**

Food and Agriculture Organization of the United Nations

WORLD ORGANISATION FOR ANIMAL HEALTH

Под чадор на Глобалната рамка за прогресивна контрола на прекуграничните заболувања на животните (GF-TADs)

© OIE and FAO, 2021
CB6496MK